# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО БРОЈ 9

# СОДРЖИНА


| **Ред. број** | **Име на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1** | Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково | **3** |
| **2** | Одлука за доделување на награда на првенец на генерација 2016-2025 година при ООУ “Марко Цепенков” - Зелениково | **4** |
| **3** | Одлука за прифаќање на Иницијативата за доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче во учебната 2025/2026 година | **5** |
| **4** | Одлука за исправка на техничка грешка во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково за 2025 година | **7** |
| **5** | Одлука за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место за спортско-рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково” | **8** |
| **6** | Одлука за одобрување на финансиска помош на Златко Димовски | **9** |
| **7** | Заклучокот за задолжување на Директорот на ООУ Марко Цепенков – Зелениково | **10** |
| **8** | Одлука за поставување на сообраќајна сигнализација на територија на Општина Зелениково | **11** |
| **9** | Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување | **13** |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково

Се објавува Одлуката за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково, донесена на 71-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.06.2025 година.

**Број 08-02/54**
**Датум 03.07.2025 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), а во согласност со член 20-б став 2 од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на РМ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на РСМ број 143/19 и 14/20), Советот на Општина Зелениково, на 71 – та седница одржана на ден 27.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2026 година**

Член 1
Се дава **СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување за 2026 година за ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково.

Член 2
Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-302/2**
**Датум 27.06.2025  година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за доделување
награда на првенец на генерација

Се објавува Одлуката за доделување на награда на првенец на генерација 2016-2025 година при ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково, донесена на 71-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.06.2025 година.

**Број 08-02/55**
**Датум 03.07.2025 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Советот на Општина Зелениково на 71 - та седница, одржана на ден 27.06.2025 година, расправајќи по Известувањето за првенец на генерација во учебната 2024/2025 година, број 10-312/1 од 11.06.2025 година доставено од ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување награда на**
**првенец на генерација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува награда на Лела Николовска - првенец на генерација 2016-2025 година.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот да набави ваучер во вредност од 10.000,00 денари за првенецот. Финансиските средства се предвидени и обезбедени во Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година, програма А0 – Совет на општина, потставка 464990 – Други трансфери.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-312/2**
**Датум 27.06.2025  година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за прифаќање на Иницијативата за доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче во учебната 2025/2026 година

Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијативата за доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче во учебната 2025/2026 година, донесена на 71-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.06.2025 година.

**Број 08-02/56**
**Датум 03.07.2025 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Советот на Општина Зелениково на 71 – та седница, одржана на ден 27.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за прифаќање на Иницијатива за доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче во учебната 2025/2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа Иницијативата поднесена од Градоначалникот за доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче во учебната 2025/2026 година на подрачјето на Општина Зелениково.

Член 2

Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено барање од страна на семејството со уредно приложена документација и тоа:

- Потврда за запишан ученик во прво одделение издадена од основното училиште на територијата на Општина Зелениково
- Извод од матична книга на родени за првачето
- Фотокопија од лична карта на еден од родителите
- Копија од трансакциска сметка

Крајниот рок за поднесување на документите до архивата на Општина Зелениково е 30.09.2025 година.

Член 3

Еднократната парична помош во износ од 3.000,00 денари е предвидена во Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година во програма Н1 – Основно образование, потставка 464990 – Други трансфери и ќе се исплаќаат по претходно донесено Решение од страна на Градоначалникот за доделување на еднократна парична помош на семејствата со првачe**.**

Член 4

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-315/2**
**Датум 27.06.2025  година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за исправка на техничка грешка во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково за 2025 година

Се објавува Одлуката за исправка на техничка грешка во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково за 2025 година**,** донесена на 71-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.06.2025 година.

**Број 08-02/57**
**Датум 03.07.2025 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), Советот на Општина Зелениково на седницата одржана на ден 27.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за исправка на техничка грешка во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Зелениково за 2025 година**

Член 1

Со оваа Одлука се врши исправка на техничка грешка во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково за 2025 година, донесена од страна на Советот на Општина Зелениково бр.10-513/1 од 29.11.2024 година, во точка 2.2.5 Опрема за забава на деца и детски игралишта, алинеа 1 – село Зелениково. Наместо КП 148 КО Зелениково, треба да стои КП 145 и КП 148 КО Зелениково.

Член 2

Оваа одлука претставува составен дел на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Зелениково за 2025 година, донесена од страна на Советот на Општина Зелениково бр.10-513/1 од 29.11.2024 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во "Службен гласник на Општина Зелениково".

**Број 10-322/1**
**Датум 27.06.2025 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место за спортско-рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково"

Се објавува Одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план вон населено место за спортско-рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково", донесена на 71-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.06.2025 година.

**Број 08-02/58** **Градоначалник**
**Датум 03.07.2025 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 22 став 1, член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 20 став 3 и член 29 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), Советот на Општина Зелениково на седницата одржана на ден **27.06.2025** година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

**за донесување на Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место за спортско-рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место за спортско-рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково; со површина на плански опфат од 94,67ха; плански период (2023-2028), со технички број 34/23 од 04.2025 година, изработен од Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово.

Предлог планот со текстуалниот дел и графичките прилози се составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Зелениково".

**Број 10-323/1** **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 27.06.2025  година** **Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиска помош на Златко Димовски, донесена на 71 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.06.2025 година.

**Број 08-02/59**
**Датум 03.07.2025 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), а во согласност со Правилникот за критериуми и постапка за реализација на еднократна парична помош на физички лица, Советот на Општина Зелениково на 71 - та седница, одржана на ден 27.06.2025 година, расправајќи по барањето на **Златко Димовски од Зелениково, број 10-308/1 од 05.06.2025 година** донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска помош**

**Член 1**

Се одобрува Барањето за еднократна финансиска помош број 10-308/1 од 05.06.2025 година, поднесено од лицето Златко Димовски од Зелениково, родител на Оливера Димовска.

**Член 2**

Еднократната финансиска помош која се одобрува изнесува 8.000,00 денари. Финансиските средства се предвидени и обезбедени во Буџетот на Општина Зелениково за 2025 година, програма А0 – Совет на општина, потставка 471160 – Еднократна парична помош и помош во натура.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот согласно финансиските средства со кои располага општината, да изврши исплата на одобрениот износ.

**Член 4**

Финансиските средства ќе се исплатат на трансакциска сметка број 200001367129826 депонент на Стопанска Банка, која е доставена од страна на барателот.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-308/2**
**Датум 27.06.2025  година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Заклучок

Се објавува Заклучокот за задолжување на Директорот на ООУ Марко Цепенков – Зелениково, донесен на 71-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.06.2025 година.

**Број 08-02/60**
**Датум 03.07.2025 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Советот на Општина Зелениково на 71 - та седница, одржана на ден 27.06.2025 година, донесе:

# З А К Л У Ч О К

1. Се задолжува Директорот на ООУ “Марко Цепенков” - Зелениково да ја разгледа можноста за формирање на 2 (две) паралелки во прво одделение во централното основно училиште Марко Цепенков се со цел подобрување на воспитно образовниот процес на децата.
2. Заклучокот да се достави до Директорот на ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково.

3. Заклучокот стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-325/1**
**Датум 27.06.2025 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за поставување на сообраќајна сигнализација на територија на Општина Зелениково

Се објавува Одлуката за поставување на сообраќајна сигнализација на територија на Општина Зелениково, донесена на 71-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.06.2025 година.

**Број 08-02/61**
**Датум 03.07.2025 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Советот на Општина Зелениково на 71 – та седница одржана на ден 27.06.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за поставување на сообраќајна сигнализација на територија на Општина Зелениково**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од поставување на сообраќајна сигнализација - хоризонтални забавувачи за намалување на брзината (т.н. лежечки полицајци) за режим на сообраќајот на главната локална улица од училиштето во с.Орешани до последна автобуска станица во Зелениково.

Член 2

Се задолжува Градоначалникот да спроведе постапка за изработка на Основен сообраќаен проект и истиот да се достави до Министерството за внатрешни работи за обезбедување на потребна согласност.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-326/1**
**Датум 30.06.2025  година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување, донесена на 71-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 27.06.2025 година.

**Број 08-02/62**
**Датум 03.07.2025 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за комуналните такси (Службен весник на РМ број 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и Службен весник на РСМ број 151/21), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 23 од Статутот на Општина Зелениково (Службен гласник бр.09/19), Советот на Општина Зелениково на 71 – та седница, одржана на ден 27.06.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување**

Член 1

Лицето Томе Мицевски, број на корисник 002191430 и броило 82151693 – место на потрошувачка улица 2 број 0 - 1053 Ново Село (Зелениково), **СЕ ОСЛОБОДУВА** од плаќање на комунална такса за јавно осветлување.

Член 2

Оваа Одлука да се достави до ЕВН Македонија – КЕЦ Аеродром Скопје.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-324/1**
**Датум 27.06.2025 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**